**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-2551/**

# З А П И С Н И К

**Од 114-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 19.05.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** Ивана Трајковска,и д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ,Горан Атанасов-директор на заеднички функции и администрација во МРТ,Виолета Димевска-раководител на одделение за планирање и буџет. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради вонредната сосотојба во државата, 114-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 14:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 113-та седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2020-31.03.2020 година.

3. Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за Јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.

4. Разно.

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на записникот од 113-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записникот од 113-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 113-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на едногласно **ги усвои** записникот од 113-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА 2:Разгледување и усвојување на Извештајот за финансиското работење на ЈРП МРТ за преиодот од 01.01.2020-31.03.2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димовска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот 01.01.2020-31.03.2020 година.
Виолета додаде дека За реализација на програмските содржини во првото тримесечје од 2020 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 237.837.057 денари и расходи во износ од 219.302.450 денари при што е остварен позитивен финансиски резултат во износ од 18.534.607 денари.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ објасни пред присутните дека Надзорниот одбор на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2020-31.03.2020 година без забелешки.
Заменик претседателот на Програмскиот совет Ведат Мемедалија со забелешка по однос на средствата наменети за откуп на програмските права и копродукциски договори повторно не се наведени како што беше побарано на неколку предходни седници,поединечно и колку чинат секој.
Анита Латифи истакна дека ја подржува забелешката на заменик Претседателот на советот,и додаде дека истово е барано на неколку седници предходно, и дека нема смисла секогаш да се повторуваме.
Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац предложи во иднина кварталните извештаи да бидат доставувани со прилог кој ќе ги содржи поединачно сите средства потрошени за програмски права,така што ќе бидат наведени сите договори со продукции посебно и со суми на чинење и доставени фактури.

Претседателката на советот по усвојување на предлогот го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2020-31.03.2020 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2020-31.03.2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **8** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**3** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.01.2020-31.03.2020 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разгледување и усвојување на План за изменување на годишниот план за Јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димевска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално образложение по материјалот на Планот за изменување на Планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година.
Виолета посочи дека согласно Барањето (со архивски број 17-2101/1 од 24.04.2020 година) добиено од страна на Сектор за логистока - Одделение за планирање, проектирање, развој и одржување на објекти во МРТ измената на Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2020 година се состои во дополнување на планот со две нови од кои едната во Дел I - Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки а другата во Дел II - Договори и рамковни набавки на услуги ставки со кои ќе се изврши набавка на медицински материјал и средства за заштита на вработените како и дезинфекција на работните простории.
Претседателот на Надзорниот одбор на МРТ Дарко Стефановски објасни дека на предходна седница на Надзорниот одбор истиот материјал е разгледан и има добиено согласност и од Надзорниот одбор на МРТ без забелешки.

По расправата Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година беше ставен на гласање.
■**Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2020 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на планот за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2020 година **е едногласно усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 4:**Разно.**
По оваа точка разгледана беше и доставена пристигнатата пошта од комисијата за избор на програмски содржини во МТВ.
Членот на советот Снежана Клинчрова истакна дека по однос на склучените програмски содржини има големо незадоволство од вработените на средствата што се трошат за копродукциски договори,а не се вложува во луѓето кои работат во МРТ.
Поради истото Клинчарова предложи Заклучок:
• Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да изготви Информација која ќе содржи список на склучени Договори за Копродукција во 2020 година, со поединечна и со вкупна цена на чинење на сите договори.

Седницата заврши во 14:50 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател